**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите**

# ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО I-VI 2022/ I-VI 2021

- Согласно волуменските индекси кај бруто-домашниот производ според производниот метод за второто тримесечје годинава, градежништвото стагнираше и по падот од 17.2 % во првиот квартал годинава во однос на првиот квартал лани, во второто тримесечје од 2022 година, во однос на истиот период од 2021 година забележа незначителен пораст од 0,2%.

- Во првите шест месеца годинава издадени се 1.819 одобренија за градење, што е за 4,8% повеќе во однос на првите шест месеца претходната година. Бројот на одобренија за градење во високоградбата бележи пад од 7,5 %, додека во нискоградбата има раст од 32,4 %.




- Предвидена вредност на објектите бележи ист тренд како и одобренијата за градење, а во првите шест месеци достигнува вредност од 26,6 милијарди денари. Предвидената вредност во високоградбата бележи пад од 6,7%, додека во нискоградбата значителен раст од 150,6%.




- Во делот на вискоградбата, најголем дел од издадените одобренија за градење се за изградба на станови. Меѓутоа, предвидениот број на станови во првото полугодие годинава бележи пад од 9,9 % споредено со првото полугодие претходната година. Цените на становите, според податоците на НБРСМ во вториот квартал годинава забележаа раст од 16,5 проценти на годишно ниво, а на квартално од 6,8 проценти.



- Номиналната вредност на договорените градежни работи за првите шест месеца годинава изнесува 45,8 милијарди денари и бележи **раст од 13,7%** споредено со првите шест месеца од 2021 година кога изнесувала 40,3 милијарди денари. Кај нискоградбата има зголемување од 22,7%, додека кај високоградбата има зголемување од 6,6 %.




- Номиналната вредност на извршените градежни работи за второт полугодие годинава изнесува 12,7 милијарди денари што е **раст од 15,3 %** споредено со второто полугодие претходната година. Раст од 15 % бележат и извршените градежни работи во високоградбата и нискоградбата.




- Реализираните капитални инвестиции и натаму бележат расчекор во однос на планираните со Ребалансот на Буџетот и заклучно со 31.7.2022 година, процентот на реализација изнесува **30,25 %.**